# Фабрика “КАРПОШ“ АД Скопје

## ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ
**за годината завршена на 31 декември 2018,**
**со извештај на независните ревизори**

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ
## за годината завршена на 31 декември 2018, со извештај на независниот ревизор

## СОДРЖИНА


| | Страна |
|---|---|
| ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОРИ | 3 -5 |
| БИЛАНС НА УСПЕХ | 6 |
| ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА | 7 |
| ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА | 8 |
| ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ГЛАВНИНАТА | 9 |
| ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ | 10 |
| БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ | 11 - 34 |

**Додатоци**

**Додаток 1 - Годишен извештај за работа**

**Додаток 2 - Годишна сметка**

**Б и Љ,**
**Боро и Љупчо**
**д.о.о. - Скопје**

Ревизија, Проценка
и Финансиски

Консалтинг

Дрезденска бр 52
1000 Скопје

Македонија

Тел: + 389 (02) 3066-604
+ 389 (02) 3061-185
Факс:+389 (02) 3094 -919

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**До Акционерите и Управниот одбор на Фабрика "КАРПОШ" АД Скопје**

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Фабрика "КАРПОШ" АД Скопје што ги вклучуваат извештајот за финансиска состојба заклучно со 31 декември 2018 година, како и билансот на успех, извештајот за сеопфатна добивка, извештајот за промени во главнината и извештајот за парични текови за годината што заврши тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството на Фабрика "КАРПОШ" АД Скопје е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување што се прифатени и објавени во Република Македонија, и за интерна контрола што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Друштвото за да обликува ревизорски постапки што се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото.

Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.
Ние веруваме дека ревизорските докази што ги имаме прибавено се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*Основа за мислење со резерва*

Со постапки на ревизија утврдивме дека кај побарувања од купувачи во износ од 619.326 илјади денари (белешка 16) прикажани во извештајот за финансиска состојба на ден 31 декември 2018 година, постојат стари салда во износ од 96.923 илјади денари, салдо што потекнува од минати години, а за кое не е направена исправка на вредност, иако постојат индикатори за ненаплатилвост. Постапувајќи на ваков начин Друштвото ги преценило побарувањата од купувачи и финансискиот резултат за истиот износ.

Со постапки на ревизија утврдивме дека кај обврските спрема добавувачи во износ од 472.090 илјади денари (белешка 22) прикажани во извештајот за финансиска состојба на ден 31 декември 2018 година, постојат стари салда во износ од 15.609 илјади денари, салдо што потекнува од минати години и е постаро од три години, за кои не е направено оприходување иако постојат индикатори за нивна неплативост и долговни салда во износ од 20.520 илјади денари. Постапувајќи на ваков начин Друштвото ги преценило обврските спрема добавувачи, а подценило финансискиот резултат за истиот износ.

Со постапки на ревизија утврдивме дека кај долгорочни обврски износ од 259.344 илјади денари (белешка 21) прикажани во извештајот за финансиска состојба на ден 31 декември 2018 година, постојат стари салда во износ од 8.703 илјади денари, салдо што потекнува од минати години, а за кои не е направено оприходување иако постојат индикатори за ниовна неплативост. Постапувајќи на ваков начин Друштвото ги преценило долгорочните обврски, а подценило финансискиот резултат за истиот износ.

Со постапки на ревизија утврдивме дека кај залихите во износ од 359.155 илјади денари (белешка 15) прикажани во извештајот за финансиска состојба на ден 31 декември 2018 година, кај залихите на суровини и материјали постојат стари материјали во износ од 8.703 илјади денари, салдо што потекнува од минати години (Македонски Железници). Постапувајќи на ваков начин Друштвото ги преценило залихите и финансискиот резултат за истиот износ.

Со постапки на ревизија утврдивме дека кај приходите од продажба износ од 856.253 илјади денари (белешка 7) прикажани во билансот на успех на ден 31 декември 2018 година, времена ситуација во износ од 18.790 илјади денари ,која се однесува за 2017 година, евидентирана е во 2018 година, и евидентиран е приход без документ во износ од 4.076 илјади денари. Постапувајќи на ваков начин Друштвото ги преценило приходите од продажба и тековната добивка за 22.866 илјади денари, а подценило акумулираната добивка од минати години за 18.790 илјади денари.

*Мислење со резерва*

Според наше мислење, освен за можните ефекти наведени во основи за мислење со резерва, финансиските извештаи објективно ја презентираат, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Фабрика “КАРПОШ“ АД Скопје заклучно со 31 декември 2018 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината што заврши тогаш во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување што се прифатени и објавени во Република Македонија.

**Извештај за други правни и регулативни барања**

Раководството на Друштвото, исто така, е одговорно за подготвување на годишниот извештај за работа во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да известиме дали годишниот извештај за работа е конзистентен со годишната сметка и финансиските извештаи за годината што заврши на 31 декември 2018 година. Нашата работа во однос на годишниот извештај за работа е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работа се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи.

Финансиските информации во годишниот извештај за работа се конзистентни, во сите материјални аспекти, со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Фабрика “КАРПОШ“ АД Скопје за годината што заврши на 31 декември 2018 година.

Скопје, 20 мај 2019 година

Овластен ревизор

Борислав Атанасовски

Ревизија, проценка и финансиски консалтинг
Б и Љ, Боро и Љупчо
д.о.о - Скопје

Управител

Борислав Атанасовски

**Фабрика “КАРПОШ“ АД Скопје**

# БИЛАНС НА УСПЕХ
**за годината што заврши на 31 декември 2018 година**

| **во илјади денари** | Белешки | **2018** | **2017** |
|---|---|---|---|
| **Приходи од продажба** | 7 | **815.516** | **574.573** |
| Останати деловни приходи | 8 | 10.116 | 22.189 |
| Промена на вредноста на залихите | | -31.738 | 215.979 |
| Употребени суровини и помошни материјали | 9 | -232.461 | -337.973 |
| Трошоци за вработените | 10 | -124.569 | -137.170 |
| Амортизација | 14 | -25.085 | -26.895 |
| Набавна вредност на трговски стоки | | -39.647 | -17.632 |
| Останати деловни расходи | 11 | -331.701 | -268.417 |
| **Добивка од работење** | | **40.431** | **24.654** |
| Финансиски приходи | 12 | 498 | 2.415 |
| Финансиски расходи | 13 | -9.791 | -13.201 |
| **Добивка пред оданочување** | | **31.138** | **13.868** |
| Данок на добивка | | -2.315 | -1.416 |
| **Добивка по оданочување** | | **28.823** | **12.452** |
| **Основна заработувачка по акција во денари** | 26 | 97,83 | 42,27 |

Управниот одбор на Фабрика “КАРПОШ“ АД Скопје ги усвои овие финансиски извештаи на 13 март 2019 година и ги одобри за доставување до Централниот Регистер на Р.Македонија

**Председател на Управен Одбор**

**Придружните белешки се составен дел на овие финансиски извештаи**

**Фабрика “КАРПОШ“ АД Скопје**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА
## за годината што заврши на 31 декември 2018 година

| во илјади денари | Белешки | 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|
| **Добивка за периодот** | | **28.823** | **12.452** |
| Друга сеопфатна добивка: | | | |
| Нереализирани добивки (загуби) од вложувања расположливи за продажба | | | |
| **Вкупна друга сеопфатна добивка** | | | |
| **ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА/ЗАГУБА ЗА ПЕРИОДОТ** | | **28.823** | **12.452** |

**Придружните белешки се составен дел на овие финансиски извештаи**

## Фабрика “КАРПОШ“ АД Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА
## на 31 декември 2018 година

| во илјади денари | Белешки | 2017 | 2017 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| Недвижности, постројки и опрема | 14 | 378.834 | 373.515 |
| Нематеријални средства | 14 | 2.619 | 2.619 |
| Аванси за набавка на материјални средства | | 4.347 | 4.347 |
| Вложувања расположливи за продажба | | 159 | 2.438 |
| **Вкупно долгорочни средства** | | **385.959** | **382.919** |
| Залихи | 15 | 359.155 | 386.915 |
| Нетековни средст. кои се чуваат за продавање | | 4.340 | 4.340 |
| Побарувања од купувачи | 16 | 619.326 | 618.827 |
| Побарувања за аванси | 17 | 47.484 | 40.276 |
| Останати краткорочни побарувања | 18 | 2.432 | 5.068 |
| Краткорочни финансиски средства | | 200 | |
| Активни временски разграничувања | 19 | | 17.843 |
| Парични средства | 20 | 9.723 | 5.895 |
| **Вкупно тековни средства** | | **1.042.660** | **1.079.164** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **1.428.619** | **1.462.083** |
| **ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | | | |
| Акционерски капитал | | 310.236 | 310.236 |
| Откупени сопствени акции | | -2.279 | - |
| Акумулирана загуба | | 45.580 | 16.757 |
| **Вкупно капитал** | | **353.537** | **326.993** |
| **Долгорочни обврски** | 21 | **159.344** | **191.895** |
| Обврски према добавувачи | 22 | 472.090 | 440.031 |
| Обврски за аванси | 23 | 347.959 | 395.372 |
| Краткорочни финансиски обврски | 24 | 73.620 | 83.915 |
| Останати краткорочни обврски | 25 | 22.069 | 23.877 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **915.738** | **943.195** |
| **ВКУПНО ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | | **1.428.619** | **1.462.083** |

**Председател на Управен Одбор**

**Придружните белешки се составен дел на овие финансиски извештаи**

## Фабрика "КАРПОШ" АД Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО ГЛАВНИНАТА
## за годината што заврши на 31 декември 2018 година

| во илјади денари | Акционер. капитал | Откупени сопствени акции | Законски резерви | Акумулир. загуба | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2018** | **310.236** | | | **16.757** | **326.993** |
| **Сеофатна добивка** | | | | | |
| Добивка за 2018 година | - | | - | 28.823 | **28.823** |
| Друга сеопфатна добивка | - | | - | - | |
| **Вкупна сопфатна добивка** | **-** | | **-** | **28.823** | **28.823** |
| **Трансакции со сопствениците** | | | | | |
| Заокружување | - | | | | |
| Откупени сопствени акции | - | -2.279 | | | **-2.279** |
| Распределено за дивиденди | - | | | - | - |
| **Состојба на 31.12.2018** | **310.236** | **-2.279** | **-** | **45.580** | **353.537** |

| во илјади денари | Акционерски капитал | Законски резерви | Акумулирана загуба | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2017** | **310.236** | | **4.305** | **314.541** |
| **Сеофатна добивка** | | | | |
| Добивка за 2017 година | - | - | 12.452 | **12.452** |
| Друга сеопфатна добивка | - | - | - | |
| **Вкупна сопфатна добивка** | **-** | **-** | **12.452** | **12.452** |
| **Трансакции со сопствениците** | | | | |
| Заокружување | - | | | |
| По Одлука од Собрание на акционери | - | | | - |
| Распределено за дивиденди | - | | - | - |
| **Состојба на 31.12.2017** | **310.236** | **-** | **16.757** | **326.993** |

**Придружните белешки се составен дел на овие финансиски извештаи**

**Фабрика “КАРПОШ“ АД Скопје**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ
## за годината што заврши на 31 декември 2018 година

| во илјади денари | 2018 | 2017 |
|---|---|---|
| **Парични текови од оперативни активности** | | |
| Нето добивка/загуба | 28.823 | 12.452 |
| Амортизација | 25.085 | 26.895 |
| Побарувања од купувачи | -499 | -68.815 |
| Побарувања за аванси | -7.208 | |
| Останати побарувања | 2.636 | -6.720 |
| Активни временски разграничувања | 17.843 | |
| Залихи | 27.760 | -205.143 |
| Обврски према добавувачи | 32.059 | -49.576 |
| Обврски за аванси | -47.413 | |
| Останати тековни обврски | -1.808 | 285.512 |
| **Нето парични текови од оперативни активности** | **77.278** | **-5.395** |
| **Парични текови од инвестициони активности** | | |
| Набавки на основни средства | -36.065 | -13.480 |
| Вложувања расположливи за продажба | 2.279 | -2.279 |
| Вложувања во недвижности за продажба | | -4.340 |
| Краткорочни финансиски средства | -200 | |
| Расход и продажба на НПО | 5.661 | |
| **Нето парични текови од инвестициони активности** | **-28.325** | **-20.099** |
| **Парични текови од финансиски активности** | | |
| Долгорочни кредити | -32.551 | 15.178 |
| Откуп на сопствени акции | -2.279 | |
| Краткорочни кредити | -10.295 | 13.337 |
| **Нето парични текови од финансиски активности** | **-45.125** | **28.515** |
| **Намалување на паричните средства** | **3.828** | **3.021** |
| **Парични средства на почеток на годината** | **5.895** | **2.873** |
| **Парични средства на крајот од годината** | **9.723** | **5.895** |

**Придружните белешки се составен дел на овие финансиски извештаи**

**Фабрика "КАРПОШ" АД Скопје**

# БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ДРУШТВОТО

1.1. Фабрика КАРПОШ - Акционерско друштво за проектирање производство и монтажа на бетонски префабрикати, станови, индрустриски објекти, мостови и далноводи Скопје, основано е и работи во Република Македонија. Скратеното име на Друштвото е Фабрика "КАРПОШ" АД Скопје.

Приоритетна дејност на Друштвото според главната приходна шифра е производство на производи од бетон за градежни цели.

1.2. Седиштето на Друштвото е во Скопје на улица "Пролетерска" бр 28.

1.3. Основната главнина на Друштвото се состои од 299.112 обични акции со вкупна номинална вредност од 310.767 илјади денари. Номиналната вредноста на една обична акција изнесува 17,04 евра.

На 31.12.2018 година Друшвото има откупено 4.500 сопствени обични акции.

Со состојба 31.12.2018 година, акционери со учество над 5% во издадените акции на Фабрика "КАРПОШ" АД Скопје се:
- Градежен институт МАКЕДОНИЈА АД Скопје со учество од 66,66% (66,58% на 31.12.2017 година);
- Зоран Милановски со учество од 8,27% (8,27% и на 31.12.2017 година).

1.4. Бројот на вработените во Фабрика "КАРПОШ" АД Скопје на 31.12.2018 година изнесуваше 297 лица. (375 лица на 31.12.2017 година).

## 2. ОСНОВИ ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

### 2.1. Прописи

Финансиските извештаи на Фабрика "КАРПОШ" АД Скопје се изготвени во согласност со меѓународните сметководствени стандарди и меѓународните стандарди за финансиско известување што се прифатени и објавени во Република Македонија.

Меѓународните стандарди за финансиско известување што се применуваат во Република Македонија се објавени во Правилникот за водење на сметководство во Службен весник на Република Македонија број 159 од 29 декември 2009 година, а применливи се од 01 јануари 2010 година.

Финансиските извештаи се прикажани во илјади денари, освен ако не е поинаку наведено. Таму каде што е потребно, споредбените податоци се прилагодени и усогласени со цел да одговараат на извршеното прикажување во тековната година.

### 2.2. Основни сметководствени методи

Финансиските извештаи се подготвени врз основа на методот на набавна вредност.

### 2.3. Континуитет во работењето

Финансиските извештаи се изготвени врз основа на претпоставката за континуитет во работењето. Тоа значи дека Друштвото ќе продолжи да работи во догледна иднина.

### 2.4. Користење на сметководствени проценки и расудувања

При пдоготвувањето на финансиските извештаи Друштвото применува одредени сметководствени проценки. Некои ставки во финансиските извештаи се проценуваат затоа што неможат прецизно да се измерат. Проценувањето вклучува расудувања што се засновани на последни расположливи информации.

Сметководствени проценки се употребуваат при проценување на корисниот век на употреба на материјалните и нематеријалните средства, објективната вредност на побарувањата, односно нивната наплатливост, објективната вредност на вложувањата расположливи за продажба и други ставки.

Во текот на периодите одредени проценки може да се ревидираат доколку се случат промени во околностите што биле основа за проценката, како резултат на нови информации или последователни случувања.

## 3. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Основните сметководствени политики применети при изготвување на финаисиските извештаи за 2018 година се прикажани во понатамошниот текст.

### 3.1. Политика на евидентирање на приходите

Приходите од продажба на производи, стоки и услуги се мерат според објективната вредност на надоместокот кој е примен или се побарува. Приходите од продажба на производи и трговски стоки се признаваат во моментот на нивната испорака и прифаќање од страна на купувачите.

Приходите од продажба на услуги се признаваат во моментот на извршување на услугите имајќи го во предвид степенот на завршеност на услугата.

### 3.2. Приходи од камати

Каматите настанати по основ на побарувања од деловни односи и пласмани се искажуваат како приходи од камати во рамките на финансиските приходи. Приходите од камати се признаваат на пресметковна основа за периодот за кој се однесуваат.

### 3.3. Расходи за камати

Каматите настанати по основ на финансиски обврски, како и по основ на обврски од деловни односи се искажуваат како расходи од камати во рамките на финансиските расходи. Расходите од камати се признаваат на пресметковна основа за периодот за кој се однесуваат.

### 3.4. Приходи и расходи од курсни разлики

Позитивните и негативните курсни разлики кои настануваат при искажувањето на побарувањата, обврските и кредитите од странски средства за плаќање во нивна денарска противвредност, како и курсните разлики што настануваат во текот на годината по основ на продажба и набавка на стоки, се искажуваат во билансот на успехот како дел од финансиските приходи и финансиските расходи.

### 3.5. Тековно и инвестиционо одржување

Трошоците за тековно и инвестиционо одржување на основните средства се евидентират на товар на расходите во периодот на нивното настанување.

Реконструкциите и адаптациите со кои се менува капацитетот или намената на основните средства се книжат како зголемување на вредноста на основните средства.

### 3.6. Приходи по основ на вложувања расположливи за продажба

Приходите по основ на вложувањата расположливи за продажба се искажуваат во билансот на успехот како приходи во рамките на финансиските приходи.

### 3.7. Недвижности, постројки и опрема

Недвижностите, постројките и опремата во текот на годината се евидентираат по набавна вредност. Набавната вредност на недвижностите,постројките и опремата се состои од фактурната вредност на набавените основни средства зголемена за сите трошоци настанати до нивното ставање во употреба.

Недвижностите, постројките и опремата се поделени во групи, односно подгрупи по кои се врши пресметка на амортизацијата до нивниот потполн отпис.

Позитивната разлика настаната при продажба на основни средства се книжи во корист на добивка од продажба, а негативната разлика се книжи на товар на загуба од продажба. Неотпишаната вредност на отуѓените и расходувани основни средства се книжи на товар на останатите оперативни расходи.

### 3.8. Амортизација

Набавната вредност на недвижностите, постројките и опремата се амортизира во еднакви годишни износи во текот на предвидениот век на употреба на основните средства.

Стапките што се применуваат за амортизација на недвижностите, постројките и опремата што ги поседува Фабрика “КАРПОШ“ АД Скопје се како што следи:

| | |
|---|---|
| Градежни објекти | 2,5 - 3 % |
| Опрема | 5 - 10 % |
| Канцелариска опрема и мебел | 20 - 25% |
| Транспортни средства | 25 % |

Амортизација не се пресметува за ставките: земјиште, инвестиции во тек и уметнички слики.

### 3.9. Оштетување (обезвреднување) на нефинансиските средства

Недвижностите, постројките и опремата се проверуваат од можни обезвреднувања секогаш кога постојат услови кои укажуваат дека нивната сметководствена вредност е повисока од проценетата надоместувачка вредност. Загуба од оштетување (обезвреднување) се евидентира за износот за кој сегашната вредност ја надминува надоместувачката вредност на средството. Надоместувачката вредност претставува повисока вредност од нето продажната цена на средството и неговата употребна вредност.

Нето продажната цена е износ што се добива од продажба на средството во трансакција помеѓу добро известени субјекти. Употребната вредност е сегашна вредност на проценетите идни готовински приливи што се очекува да произлезат од континуираната употреба на средствата и од нивното отуѓување на крајот од употребниот век. Надоместувачкиот износ се проценува за поедниечните средства или доколку тоа не е можно за целата група на средства која генерира готовински прилив.

### 3.10. Вложувања расположливи за продажба

Вложувањата расположливи за продажба во билансот на состојба се класифицираат во рамките на долгорочните средства. Почетните вложувања се евидентираат по набавна вредност, вклучувајќи ги сите трансакциони трошоци. Последователно, вложувањата расположливи за продажба се мерат според објективната вредност определена од пазарната цена на истите на датумот на билансот на состојбата. Промената на објективната вредност на вложувањата расположливи за продажба се евидентира во рамките на капиталот на позицијата останати резерви. Хартиите од вредност расположливи за продажба за кои не постои активен пазар се мерат според нивната набавна вредност, намалени за евентуално нивно обезвреднување поради стечај, ликвидација или други релевантни индикатори.

Во моментот на продажба на вложувањата во хартии од вредност расположливи за продажба акумулираниот износ во капиталот, што произлегува од промена на вредноста, се евидентира во билансот на успех.

### 3.11. Залихи

Залихите се искажуваат според пониската од набавната и нето реализационата вредност. Набавната вредност на залихите на материјали, резервни делови и трговски стоки ги вклучува сите трошоци за нивна набавка и другите трошоци направени залихите да се доведат до нивната сегашна состојба. Залихите на готови производи и производството во тек ги опфаќаат директните трошоци за суровини и материјали, трошоците за плати и режиските трошоци.

Нето реализациона вредност е проценетата продажна цена во редовниот тек на работење намалена за проценетите трошоци неопходни да се изврши продажбата.

### 3.12. Побарувања по основ на продажба

Побарувањата по основ на продажба ги опфаќаат сите побарувања за испорачаните производи, стоки и услуги, намалени за исправка на вредноста за ненаплатливите побарувања. Исправката на вредноста на сите побарувања кои се сметаат за ненаплативи се врши врз основа на проценка на крајот од годината. Последователната наплата на претходно отпишаните износи на побарувања се признава во рамките на останатите оперативни приходи.

## 3.13. Парични средства

Паричните средства се состојат од денарска и девизна готовина во благајна, парични средства на жиро - сметки во деловните банки и девизни сметки во деловните банки.

## 3.14. Капитал, законски резерви и акумулирани загуби

### Акционерски капитал

Акционерскиот капитал се состои од обични акции. Акционерскиот капитал ја претставува номиналната вредност на емитираните акции.

### Законски резерви

Законските резерви ги сочинуваат резервите формирани со распределба на дел од нето добивката на Друштвото. Овие резерви можат да бидат употребени за покривање на искажана загуба во работењето на Друштвото.

### Акумулирана загуба

Акумулираната загуба ги вклучува непокриените загуби од претходните години.

## 3.15. Обврски спрема добавувачи

Обврските спрема добавувачите се искажуваат во висина на номиналните износи што произлегуваат од деловните трансакции. Обврските спрема добавувачите се отпишуваат по истекот на рокот на застареност со одобрување на останатите оперативни приходи.

## 3.16. Обврски по кредити

Обврските по кредити се состојат од обврски по долгорочни и краткорочни кредити. Делот од долгорочните кредити што доспева за наплата во рок од 12 месеци од денот на билансот на состојбата се рекласифицира во рамките на тековните обврски.

## 3.17. Данок на добивка

Согласно измените во даночната регулатива, основа за пресметување на данок на добивка од 2018 година е добивката пред оданочување пресметана според сметководствените стандарди прифатени во Република Македонија, зголемена за непризнаените расходи за даночни цели и намалена за пропишани даночни ослободувања.

Во периодот 2009 - 2013 година основа за пресметка на данокот на добивка беа повеќе видови расходи кои не се признаваа за целите на оданочувањето, тн. даночно непризнаени расходи. Данок на добивка се плаќаше и при исплатата на дивиденди од добивките остварени во финансиските извештаи за 2009 - 2013 година.

Стапката на данокот на добивка во Република Македонија изнесува 10% (10% и во 2017 година).

## 3.18. Користи за вработените

### Придонеси за вработените

Друштвото во текот на своето нормално работење врши исплати во корист на своите вработени за пензиско осигурување, здравствено осигурување, вработување и персонален данок на доход во согласност со важечките законски стапки во текот на годината. Основица за пресметка на придонесите претставува бруто платата. Друштвото плаќа придонес за пензиско осигурување во првиот и вториот пензиски столб, односно во Државниот пензиски фонд, а дел и во приватни пензиски фондови. Не постојат дополнителни обврски во врска со овие пензиски планови.

### Обврски при престанок на работниот однос

Друштвото, во согласност со домашните законски прописи, на вработените што се пензионираат или им престанува работниот однос поради технолошки, организациони или економски причини им исплаќа соодветен надомест. Друштвото нема направено резервирање за овие права на вработените затоа што се смета дека износот е нематеријален за финансиските извештаи.

## 3.19. Резервирања

Резервирања се признаваат и пресметуваат кога Друштвото има правна обврска или обврска која произлегува од договор како резултат на минат настан и кога е веројатно дека ќе биде потребен одлив на средства со цел да се подмири обврската и кога може да се направи разумна проценка на износот. Резервирањата се проверуваат на секој датум на билансирање и се корегираат со цел да се усогласат со најдобрата тековна проценка.

## 3.20. Неизвесни обврски и неизвесни средства

Неизвесна обврска е можна обврска што произлегува од минати настани, а чие постоење ќе биде потврдено со случување или неслучување на еден или повеќе неизвесни идни настани што не се под контрола на Друштвото. Неизвесните обврски само се обелоденуваат во финансиските извештаи.

Неизвесни средства се можни средства што произлегуваат од минати настани, а чие постоење ќе биде потврдено со случување или неслучување на еден или повеќе неизвесни идни настани што не се под контрола на Друштвото. Неизвесните средства се признаваат ако приливот на економски користи е веројатен.

